## ЗАПИСНИК
## од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 27.01.2023 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека од страна на службата на Агенцијата нема најава дека сопственикот или управителот на оваа телевизија ќе присуствува на седницата. Во таа насока бидејќи седницата е наменета за образложение на радиодифузерите и притоа не е приклучен претставник од страна на медиумот, ја затвори седницата.

**Бр.** 02-323/2

08-02 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**